# Pinot Grigio Single Vineyard 2013




Виното е добиено 100% од сортата Pinot Grigio, од сопствените насади во непосредна близина на винаријата Камник. Создадено е со примена на традицоналната “Ramato” метода, со која се овозможува неколкучасовен контакт на ширата со покожицата од зрното; оттука доаѓа јасната и убава сивкаво-жолтеникава боја со луминисцентен златест сјај. Ова свежо суво вино изобилува со привлечна цитрусна арома и деликатни овошни ноти, пред сè круши и јаболка, суптилно завршувајќи со поттонови на анасонов полен, смола и саќе. Вкусот е полн, со пријатна минерално-цитрусна свежина, нежно пристуни тонови на агруми и пријатен, хармоничен послевкус.
Се препорачува да се консумира како свежо и младо, разладено на 7-10°C. Комбинирајте со свежа морска риба, предјадења од лосос, тестенини со бел сос, или пилешко со обарен зеленчук.

Алкохол: 14.1 % Vol. Полнето: Декември, 2013